

# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

## ЦРКОВНА ОПШТИНА СВЕТА ТРОИЦА-МИНХЕН

### ПАРОХИСКО ПИСМО БР.2-2023-ТА ГОДИНА

Почитувани верници,

ја користиме оваа прилика, повторно да ви се обратиме преку Парохиско писмо, а `се со цел да ве информираме и воедно да ве поврзиме на ваков начин со нашата Црковна општина ,,Св. Троица" во Минхен. Една од причините за да издадеме втор број на Парохиско писмо е евидентното зголемување на бројот на нови верници во нашата Црковна општина. Затоа, желбата за да се одржи врската помеѓу Македонската Православна Црква од една страна и верниците од друга страна е голем мотив во нашата мисија.

Знаејќи го фактот дека нашите луѓе, Македонците, сегде со себе ја носат својата православна вера, а при тоа црквата ја доживуваат како татковина во туѓа земја, сакаме да направиме колку што е можно повеќе да имаме контакт помеѓу нас, ние како Црковна општина и вие како верници, затоа што само на тој начин ќе го одржиме континуитетот во опстојувањето на нашата црква, која досега преку 30 години постои во градот Минхен. Тој континуитет е исто така важен и за секоја фамилија, односно секој поединец, во одржување на православието како спасителна вера која не приближува кон нашиот Спасител, Господ Исус Христос. Тука посебно треба да се стави акцент на помладите

генерации, на нашите деца, да ги приближуваме кон верата, односно црквата, за да знаат каде припаѓаат.

Со надеж за побројно присуство на нашите богослужби и почести заеднички средби, ве поздравувавме со христијански поздрав,

Христос помеѓу нас!

Свештеникот и Управниот одбор

*За Крстот Христов*

Во спасоносниот пат на христијаните, Крстот има големо значење и е составен духовен сегмент од нивниот живот. За повеќето христијани, можеби не е размислувањето за Крстот толку суштински, како што Светата Црква тоа го проповеда, па затоа должност на секој од нас кој живее во Црквата е повремено да го објаснува значењето на Крстот. На прво место ќе кажеме дека Црквата го користи Крстот како симбол, украс или обележје и тоа скоро секој го знае. Според таа употреба за него може да се каже дека е знак на препознавање, преку кој христијаните се распознаваат од припадниците на другите религии, црквите се разликуваат од другите верски храмови, гробовите на покојните христијани сведочат за верската припадност на покојниот итн.

Исто така Крстот можи да го доживуваме и како уметничка творба, а тука веќе се навлегува во естетскиот дел на надворешниот изглед, па во зависност од историската епоха тој се јавувал во разни форми, како на пример:

Андреев Крст, Византиски Крст, Македонски Крст, Руски Крст, Ерменски Крст, Сириски Крст и многу други форми преку кои се пројавувала уметничката замисла, симболика и порака на оној кој што го создавал.

Објаснувањето и анализирањето кое дотука е направено, можи да се дефинира како анализа на Крстот според неговата надворешност.

Меѓутоа, нашето внимание треба да го насочиме кон духовното значење на Крстот и неговиот придонес во нашето спасение, а тоа значи дека, за нас како православни христијани Крстот има значење на победа на животот над смртта. Тој е орудие преку кое дојде спасението на човекот во овој свет. Иако на крст биле распнувани најголемите злосторници во времето на Римската империја,

сепак, Христос го преобрази контекстот на значењето на Крстот и како што напоменав, од срамна направа на која биле распнувани осудени луѓе на смрт, тој постана знак на спасението за нас христијаните.

Затоа и самиот Спасител ги изговара овие зборови:

,,Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, да го земи својот крст и да оди по Мене“(Мт.16,24), се со цел да ја наговести улогата на Крстот во животот на христијанинот.

Читајќи ги овие зборови од Светото Евангелие, осознаваме дека човекот е создаден да го носи својот Крст, а секој Крст има своја тежина. Крстот со својата тежина го преобразува човекот, односно го преумува човекот. Тоа значи дека, ако човекот е свесен за спасението на сопствената душа, ќе ја сфати и тежината на својот Крст. Нашиот Спасител, Господ Исус Христос го носеше најтешкиот Крст во светот, понесувајќи ги врз себе гревовите на целиот свет. Затоа, црквата не потсеќа секогаш на историските настани поврзани со Крстот Господов, за да ја зајакни нашата вера во Христа, односно да не направи поистрајни во носењето на личниот Крст.

Кога веќе зборуваме на оваа тема, мора да се нагласи и тоа дека, во текот на годината црквата празнува три дена посветени на Крстот и тоа:

1. Третата недела од Велигденскиот пост - Крстопоклона недела

2. 1 август по стар стил или 14-ти август по нов стил Изнесување на чесното и животворно дрво

3. 14 септември стар стил или 27-ми септември нов стил Воздвижение на Чесниот Крст.

Од ова гледаме колку Црквата му дала значење на Крстот, па преку тоа постојано во текот на годината ги повикува верниците да го почитуваат крсниот знак.

Затоа, драги браќа и сестри , да му се поклониме на Крстот како на знак, символ, кој ќе не води истрајно до нашата цел, Царството Небесно, да ги приковаме нашите страсти на Него и на тој начин да ја очистиме нашата душа.

Отец Миле Велјановски

*АКТИВНОСТИ-СРЕДБИ-НОВОСТИ*

Активирање на web страна

Почитувани верници, со радост сакаме да ве информираме дека од месец април оваа година, во функција е нашата web страна на следната адреса:

www.mpcminhen.de

На нашата страна можи да се информирате за случувањата и активностите во нашата Црковна општина.

Средби

На 02.07.2023 та јули, нашата Црковна општина беше посетена од г-дин Матиас фон Сарновски и г-дин Туан Тран, претставници од Град Минхен, при што имавме конструктивен разговор во однос на решавање на долгогодишниот проблем, добивање на сталeн простор за богослужби.

---

На 04.07.2023 -та нашиот парохиски свештеник о. Миле Велјановски за прв пат учествуваше на седница на Православната свештеничка конференција од град Минхен, при што имаше излагање во кое што ги запозна останатите свештеници од православните цркви во Минхен за историјатот и функционирањето на Македонската црковна општина ,,Св.Троица“ во Минхен.

---

На 15.09.2023-та двајца членови од нашиот Управен одбор учествуваа во потпишување на Декларација помеѓу религиските заедници во град Минхен и Општина Минхен за меѓусебна почит и толеранција. Настанот се одржа во просториите на Општина Минхен.

*ИЗВЕСТУВАЊЕ*

Драги браќа и сестри, ве известиме дека после средбата која што ја имавме во март месец со претставници од Католичката црква Ст.Маргарет, добивме согласност да ја отвораме црквата во неделите кога немаме богослужби. Тоа

значи, кога нашиот свештеник богослужи во другите градови во парохијата, црквата во Минхен ќе биди отворена во периодот од 10:30 до 12:00 часот за сите верници кои сакаат да запалат свеќа или да се помолат.

Христос помеѓу нас!

**АПЕЛ**

Ги повикуваме сите верници кои се во можност и сакаат да ја помогнат нашата црковна општина, тоа да го направат преку месечен прилог кои сами ќе го одредат во форма на Dauerauftrag на црковното конто:

**Mazedonische Orthodoxe Kirchengemeinde Sv. Troica e.V.**

**IBAN: DE30 7025 0150 0950 0047 05**

**BIC: BYLADEM1KMS**

За донација до 300 евра годишно, доволно е преку Контоаусцуг да вратите дел од данокот. За оние донации над 300 евра, ќе добиете потврда од нашата црковна општина за да вратите дел од данокот.

Ви благодариме за помошта!